КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став (1), точка 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 30.10.2020 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: 107990, 109549 и 109548 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви 107990, 109549 и 109548 на Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје.

На 29.10.2020 година Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-652.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник

на РМ бр. 39  39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена  од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-652
Скопје 03.11.2020

Изработил: Александар Панчевски
30.10.2020 год

Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола  и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

АЕК-301.17